Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari
Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. 10-290/2
25.02.2019 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на член 23 став 1; член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15),член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/02),член 45 став 1 точка 6, 9 и 12 од Статутот на општина Шуто Оризари, и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на општина Шуто Оризари за 2019 година со Одлука бр. 08-1392/2 од 11.12.2018 година, од Советот на општина Шуто Оризари,Градоначалникот на општина Шуто Оризари, донесе :

# О Д Л У К А

## За спроведување на јавна презентација и јавна анкета по Предлог Детален Урбанистички План – Градска Четврвт С06 Блок С06.08, општина Шуто Оризари - Скопје

### Член 1

Со оваа Одлука се организира јавна презентација и јавна анкета по **Предлог Детален Урбанистички План – Градска Четврвт С06 Блок С06.08, општина Шуто Оризари - Скопје**

### Член 2

Соопштението за организирање на јавната презентација и јавната анкета ќе биде објавенно во дневните весници **„Слободен печат“** и **„Lajm“**, на електронскиот систем **e-urbanizam**, **WEB** страната на општина Шуто Оризари www.sutoorizari.gov.mk , и на огласната табла на општина Шуто Оризари.

### Член 3

Јавна презентација ќе се одржи во просториите на општина Шуто Оризари, ул.„Хаџи Јован Шишко“ бб, во Сала за состаноци на ден 11.03.2019 година, од 10:00 до 11:00 часот.

### Член 4

Јавната анкета ќе се одржи на ден 06.03.2019 година, и ќе трае 10 (десет) работни дена, заклучно со 19.03.2019 година.

### Член 5

Заинтересираните физички и правни лица можат да учествуваат на јавна презентација и јавна анкета, а во времетраење на анкетата ќе можат на анкетните листови да доставаат забелешки и предлози по Предлог ДУП.

**Градоначачлник на општина Шуто Оризари**
**Курто Дудуш**

______________________________

Kurto Dudush
Digitally signed by Kurto Dudush
Date: 2019.02.25 13:46:19 +01'00'